Овој процес е поддржан од:

ROMA INTEGRATION 2020

Regional Cooperation Council

# ДЕКЛАРАЦИЈА НА ПАРТНЕРИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН ЗА ИНТЕГРАЦИЈА НА РОМИТЕ ВО РАМКИ НА ПРОЦЕСОТ НА ПРОШИРУВАЊЕ НА ЕУ

Ние, премиерите од Западен Балкан, ја потврдуваме нашата посветеност кон интеграцијата на Ромите во нашите општества и се обврзуваме да ги зголемиме нашите напори како дел од процесот на проширување на Европската унија и регионалната соработка.

Со ова ја усвојуваме **Декларацијата на партнерите од Западен Балкан за интеграција на Ромите во рамки на процесот на проширување на ЕУ**, со што се обврзуваме да ги продолжиме и зајакнеме напорите за целосна еднаквост и интеграција на Ромите, вклучително и преку спроведување и следење на Заедничките заклучоци од Семинарите за Роми, на следниот начин:

1. Се обврзуваме да ги постигнеме следните **цели**:

   а. **Вработување**: Зголемена стапка на вработеност на Ромите во јавниот сектор до ниво пропорционално на учеството на Ромите во вкупното население; Зголемена стапка на вработеност на Ромите до најмалку 25 проценти;

   б. **Домување**: Легализирани неформални населби каде што живеат Роми секаде каде што тоа е можно; или обезбедување на постојано, достоинствено, дозволиво и не-сегрегирано домување на Ромите кои живеат во неформални населби кои неможат да се легализираат од оправдани причини;

   в. **Образование**: Зголемена стапка на запишување и завршување на основното образование помеѓу Ромите на 90 проценти и зголемена стапка на запишување и завршување на средното образование помеѓу Ромите на 50 проценти;

   г. **Здравство**: Обезбедена покриеност со општо здравствено осигурување на Ромите до стапка од најмалку 95 проценти или до стапка еднаква како и за останатото население;

   д. **Граѓанска регистрација**: Обезбедено регистрирање на сите Роми во граѓанските (матичните) регистри;

   ѓ. **Не-дискриминација**: Зајакнати владини структури за заштита од дискриминација и основани специјални под-тела за не-дискриминација на Ромите во рамки на формалните тела за еднаквост/не-дискриминација, за постапување по жалби од Роми, обезбедување на правна поддршка на наводните жртви и утврдување на шеми на дискриминација, вклучително институционална и скриена дискриминација;

2. Се обврзуваме да ги **користиме постоечките податоци** (вклучително и резултатите од Регионалното истражување за Ромите во Западен Балкан од 2017 година) за донесување на политики за интеграција на Ромите засновани на факти, и се обврзуваме да **воспоставиме соодветен механизам за следење и известување за политиките за интеграција на Ромите**, кој ќе вклучи податоци соодветни за мерење на достигнувањата на целите поставени со оваа Декларација, а преку назначување на националните статистички тела како клучни одговорни институции за прибирање на податоци во согласност со нивните програми;

3. **Веруваме дека ќе ги зајакнеме и поддржиме Националните контакт лица за Роми**, како сеопфатен механизам за координација и спроведување на целите договорени со оваа Декларација и за обезбедување синергија помеѓу надлежните министерства одговорни за интеграција на Ромите;

4. Се согласуваме да развиеме, усвоиме и спроведеме регионални стандарди за **јавно буџетирање** во **врска со интеграцијата на Ромите**, како за општите, така и за специфичните политики, користејќи и зголемувајќи го **јавниот буџет**, централен и локален, за директна поддршка на ромските заедници за достигнување на горенаведените цели, и користејќи ги достапните **донаторски фондови**, вклучително и Инструментот за пред-пристапна помош, во насока на подобрување на статусот на Ромите;

5. Се обврзуваме да формираме **официјални канали и механизми за заедничко вклучување на локалната само-управа и ромските заедници** во формулацијата на политиките, донесувањето на одлуките, спроведувањето и следењето на напорите превземени за постигнување на целите од оваа Декларација.

**Ги повикуваме институциите на Европската унија да:**

6. **Продолжат со поддршката** на партнерите од Западен Балкан за постигнување на целите за интеграција на Ромите воспоставени со оваа Декларација;

7. **Ги поврзат договорените цели за интеграција на Ромите воспоставени со оваа Декларација** со клучните показатели за проценка на напредокот во процесот на проширување;

8. **Осигураат дека водечките иницијативи за проширување ќе ја подобрат состојбата на Ромите преку вградување на специфични показатели за Ромите** за клучните мерки, првенствено во Иницијативата за владеење на правото и Иницијативата за социо-економски развој, особено внимавајќи да се спречат несакани последици или заостанување на Ромите зад остатокот од општеството;

9. **Предвидат посилна улога на партнерите од Западен Балкан во политиката за интеграција на Ромите на Европската унија после 2020 година**, преку осигурување на учество на партнерите од Западен Балкан во овој процес, најмалку со статус на набљудувачи.

**Со оглед на горенаведеното:**

10. Изразуваме благодарност до владата на Северна Македонија за отпочнувањето на овој процес;

11. Ја поздравуваме поканата од владата на Албанија да биде домаќин на следниот министерски состанок во 2020 година за проценка на напредокот кон достигнувањето на целите и приоритетите воспоставени со оваа Декларација.

Секоја од страните ќе ја почитува оваа Декларација до датумот на добивање членство во Европската унија.

Познан, 05 јули 2019 година